АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.05.2016 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2754 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**

3. **Период опфатен со надзорот:** 28 април 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 6 мај 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 19.02.2016 година, за непочитување на член 14 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-95, 22.02.2016 година) на телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 дена од денот на приемот на решението (23.02.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:** Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**, емитуван на 28 април 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 14 од Законот за медиуми.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***